НАЦИОНАЛНИ ШУМИ
во партнерство со природата

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrja publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.

Ул. Булевар "Св. Климент Охридски" Бр.68; Скопје-Центар
Тел. +389 (0)2 2581080

www.mkdsumi.com.mk

Бр./Nr. 11 - 25/98
16 -10- 2024 20 ___ год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗЈАВА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Директорот на ЈП Национални шуми – Скопје, во согласност со барањата на националниот PEFC стандард за одржливо стопанисување со шумите ја донесува следната изјава:

Имајќи ги предвид глобалните заложби за одржлив развој, исполнувањето на милениумските цели, напорите за зачувување на биолошката разновидност, справувањето со климатските промени и барања за одговорно управување со природните ресурси кои се од поширок интерес за општеството, Директорот на ЈП Национални шуми изјавува подготвеност за почитување на барањата на стандардот за одржливо стопанисување со шумите PEFC МК 03:2020.

Притоа ќе се спроведат сите предвидени процедури за управување, ќе се ангажираат потребни капацитети на човечки ресурси за спроведување на барањата, ќе се дефинира начинот на спроведување на активностите на терен од страна на вработените и другите работно ангажирани лица, ќе се извршува редовен надзор над оперативните активности и начинот на нивното исполнување и ќе се подобри каде е тоа можно.

Во начинот на организација на работењето, ЈП Национални шуми се залага и стои во одбрана на принципите на еднакви можности, спречување на дискриминација и вознемирување на работно место. Имајќи предвид дека работата во шумите е генерално прифатена во општеството како работа која ја извршуваат мажите, широко се поддржува принципот на родова еднаквост секаде каде е тоа можно и каде за тоа има интерес.

Во рамките на своите можности, ЈП Национални шуми се обврзува да ги поддржи истражувачките активности главно преку собирање на податоци кои се потребни за таа активност, во рамките на расположивост со човечки капацитети.

Доколку локалното знаење и искуство поврзано со шумите, кое доаѓа од друга засегната страна се примени во насока на подобрување на одржливото стопанисување со шумите и истото резултира со финансиска корист, ЈП Национални шуми се обврзува да предложи механизам за фер споделување на евентуално стекнатата финансиската корист со засегнатата страна.

Во Скопје,

Датум: 14.10.2024 год.

ЈП Национални Шуми

Проф. д-р Здравко Трајанов

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrja publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
П.О. Скопје / P.P. Shkup
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ
PYJE KOMBËTARE